A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

### Извадок на дел од дневни настани 17.04.2019

На 16.04.2019 година во 12.00 часот во Полициската станица Струмица бил приведен Ј.А.(29) од Струмица за кого била распишана потерница по Наредба на основен суд Струмица порадо бегство од Затвор Струмица. Во 13.00 часот лицето било предадено на Основен суд Струмица.

На 17.04.2019 година во 04.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир", поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" (зелена карта), од слобода бил лишен А.К.(57) од Република Турција, кој управувал товарно возило „Даф" и полуприколка со турски национални ознаки. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 16.04.2019 година во 23.55 часот во Полициската станица Кисела Вода, И.П.(45) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 21.00 часот на улица „Серска" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 16.04.2019 година во 15.15 часот во Полициската станица Центар, В.П.(49) од Скопје пријавил дека на 15.04.2019 година околу 12.00 часот на Плоштад „Македонија" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на изминатиот ден (16.04.2019) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 54 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 27 возачи од кои: 21 возач затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и шест возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 16 возила бидејќи 15 биле нерегистрирани, а едно возило било технички неисправно. Санкциониран е еден возач поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, осум поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, тројца возачи на мотоцикли поради неносење заштитен шлем, 17 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 32 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 117 мандатни платни налози и 76 возила се подигнати со специјално возило „пајак". Изминатиот ден се случиле две сообраќајни незгоди во кои едно лице го загубило животот, а едно лице се здобило со телесни повреди.

На 16.04.2019 година во 18.55 часот на улица „Пере Тошев" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Форд фокус" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Д.С.(33) од Прилеп и мотоцикл „Херк" со прилепски регистарски таблици, управуван од П.Б.(53) од Прилеп. Мотоциклистот П.Б. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Градската болница Прилеп, каде му била укажана помош. Извршен бил увид од екипа од Полициската станица Прилеп.

На 16.04.2019 година во 14.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница на булеварот „Борис Трајковски" и улица „4",Љ.А.(52) од с.Д.Лисиче, скопско, бил прегазен од товарно возило „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки, што претходно тој го управувал, по што починал на местото. Според пријавеното, Љ.А. го запрел возилото и со сопатникот С.К.(50) од Велес излегле од него да видат дали имало простор за да помине по улицата. Според пријавеното, во еден момент возилото се придвижило нанапред и со предните тркала го прегазило Љ.А.. Извршен бил увид од екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2019 година во 11.02 часот во СВР Битола, З.П. од село Могила пријавил дека при ископ на темели за куќа во с.Могила биле пронајдени две гранати калибар 60мм и калибар 75мм од Првата Светска војна. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатите се подигнати за понатамошна постапка.

На 16.04.2019 година полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас. Притоа, контролирани се 442 возачи, од кои 23 возачи ја надминале дозволената брзина, 12 возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле шест возила, четири возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото и еден возач не користел сигурносен појас.

На 16.04.2019 година во периодот од 06.00 до 09.00 часот во Гостивар е спроведена акциска контрола со која биле опфатени 35 возила (комбиња) кои вршат јавен превоз. Притоа, откриени се девет возила со претовар на патници, осум возачи без лекарско уверение, три возачи без положен возачки испит, еден со несоодветна категорија, две нерегистрирани возила и еден возач кој не ја прилагодил брзината според условите на патот. Констатираните прекршоци биле санкционирани со законски предвидените поднесоци. На 16.04.2019 година на тетовското подрачје, исто така, спроведени се засилени контролни активности во кои биле откриени вкупно 42 прекршоци, најмногу погрешно, односно непрописно паркирање (19). Покрај ова, утврдено е дека седум лица ги управувале возилата без возачка дозвола, шест возила имале истечена регистрација, пет биле технички неисправни, седум возачи- почетници не се придржувале на законските ограничувања и друго.

На 16.04.2019 година во 20.30 часот, кај гробиштата во с. Спас, дебарско, полициски службеници од Полициската станица за Граничен премин и Граничен надзор „Блато" забележале лице како се движи по граничната линија со најлонска кеса во рацете. Полициските службеници издале наредба да застане, но лицето почнало да бега и ја фрлило кесата. Биле испукани и неколку предупредувачки истрели во воздух, но лицето преминало на територија на Република Албанија. Подоцна, во кесата биле пронајдени две пакувања со марихуана со тежина од околу два килограми. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2019 година во 13.00 часот во Полициската станица Драчево, А.Т.(82) од Скопје пријавил дека на улица „Антон Димитров" бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.

Надворешната канцеларија криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Н.Е.(25) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производствои пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурзори". На 04.12.2018 година во Прилеп полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 16.04.2019 година во 21.00 во Полициската станица Штип, Б.К.(50) од Штип пријавила дека истиот ден околу 19.15 часот на крстосница од ул.„Железничка" и ул. „Гоце Делчев" во Штип била касната од куче скитник во пределот на ногата.

На 16.04.2019 во Полициската станица Кичево, Д.К.(44) од Кичево пријавил дека околу 11 часот на крстосница од улиците „Рудничка" и „Ѓорѓи Сугаре" бил каснат од куче скитник во пределот на левата надколеница.

На 16.04.2019 година во 17.28 часот во СВР Скопје, Ф.А. телефонски пријавил дека истиот ден лицето С.Х. и три непознати лица во текот на денот во неколку наврати упатувале закани кон Д.У.(39) од Скопје и М.И.(24) од село Студеничани. Според пријавеното, во с.Арачиново околу 12.30 часот, С.Х. им се доближил на Д.У. и М.И. и заедно со уште три непознати лица и им упатувале закани. Според пријавеното, С.Х. и откако си заминале Д.У. и М.И. телефонски им се заканувал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.04.2019 во Полициската станица Кичево, А.А.(55) од Кичево пријавил дека околу 15 часот на улицата „Амид Челопечанец"' во Кичево бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.Д.(22) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 07.04.2019 година околу 04.10 часот на ул.„Михајло Пупин" во Куманово пријавениот физички нападнал полициски службеник, кој вршел службени дејства .

СВР Битола поднесе кривична пријава против А.М.(27) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење и трговија со оружје и распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори ". На 29.11.2018 година во Битола полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле куршум калибар 9 мм, куршум калибар 7,65 мм, експлозив „АНФО" и 147,5 грама марихуана.


МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)